# НОВОИЗЛЕЗЕНИ УЧЕБНИЦИ ПО ИСТОРИЈА ЗА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ОД МАКЕДОНСКИ АВТОРИ

Пред извесно време, т.е. во втората половина на 1970 година, излегоа од печат првите учебници по историја за средните училишта — гимназиите и стручните училишта, од македонски автори.*) Нивното публикување претставува на одреден начин продолжување на оние интенции што започнаа да се реализираат уште во почетокот на 60-тите години со излегувањето на учебниците по историја за основните училишта од македонски автори, а во кои се изложуваат напоредно содржини од општата историја и од историјата на народите на Југославија но со позасилено место на македонската историја.

Како издавач на споменатите учебници се појавува Издавачкото претпријатие „Просветно дело“ од Скопје со што уште повеќе придонесе да си го обогати својот сребрен јубилеј — 25 години од основањето и развивањето на издавачката дејност.

1.

Вистина е дека со излегувањето на споменатите учебници ќе се појават и отворат доста дискутабилни прашања како на планот во изразувањето на досегашните достигања во историската наука, така и од аспект на примената на педагошко-дидактичките и методските принципи што пак од своја страна ќе придонесе да се збогати воопшто теоријата за учебниците која во нашата педагошка и методска теорија е доста запоставена. Но независно од тоа, непобитен е фактот дека со нивното излегување македонското учебникарство воопшто, а посебно на планот на реализацијата на историската настава забележува значаен напредок, бидејќи со нив ќе се пополнат поголем број на празнини што досега се манифестираат во изведувањето на наставата. Тие можат да се сведат на следниве општи констатации:

1. Пред сè со нивното појавување треба да се надмине поранешната состојба кога во училиштата од втор степен се употребуваа учебници што беа публикувани во Загреб односно Белград, а кои не соодвествуваат на постојните наставни програми во СРМ. Имено, во споменатите наставни програми позасилено место има историјата на македонскиот народ, а во учебниците пак, такво место заземаше хрватската односно српската историја. Вистина, историјата на македонскиот народ беше во нив инкорпорирана во вид на анекси од македонски автори што на одреден начин ја пополнуваше таа празнина за извесно време, но со тоа пак ги правеше постојните учебници доста поопширни.

2. Историјата на македонскиот народ во најновите учебници зазема доста широк размер со што од една страна можеби се надминуваат интенциите на наставните програми односно доаѓа до извесно преоптеретување за учениците, но од друга страна значи и изразување на сте-

*) Во текот на 1971 година се очекува да излезе од печат и учебник за I клас на гимназиите.

пенот на развиеноста на македонската историографска мисла која во последните години постигна значителни успеси на полето на проучувањето на историската стварност на македонскиот народ. Посебен значаен успех на тој план претставува издавањето на тротомната историја на македонскиот народ која послужила за основа за обогатување на учебниците со содржини од периодот помеѓу двете светски војни и НОБ и Народната револуција. Со тоа се овозможува учениците да се запознаат континуирано со целокупната историја на македонскиот народ, а не како досега само до Балканските односно Првата светска војна што беше последица пред сè од објективни причини — непостоење на доволна разработеност на споменатиот период.

3. Во најновите учебници се поместени и извесни наставни содржини за важни појави и значајни моменти од историјата на оние народи од кои етнички водат потекло, народностите (националните малцинства) што живеат во СРМ. Тоа пред сè се однесува на историјата на албанскиот народ, бидејќи досега на одреден начин постоеле извесни содржини од историјата на Турците. Изучувањето на значајните моменти од историјата на албанскиот и турскиот народ треба да послужи не само заради запознавањето со факторите кои во минатото ги разделувале Македонците од Албанците односно Турците, туку и со многубројните нишки и влијанија што ги поврзувале, а кои повлијаеле за меѓусебно разбирање и зближување како и со тоа дека денешна социјалистичка Југославија е заедница на рамноправни народи и народности.

4. Со публикувањето на учебниците по историја за средните стручни училишта конечно овој предмет си го наоѓа своето место во вкупниот фонд на предмети во наведените училишта. До скоро време не ретко се застапуваше мислење дека во тие училишта единствено се важни само стручните предмети. Вистина ваквите тези беа објективно иницирани и од современите општествено-економски и техничко-технолошки барања и потреби на заедницата со што историската настава се потисна на втор план односно не само што се намали фондот на часовите по историја, туку некаде дојде и до наполно незастапување. Очигледно, беше дека е тоа пропуст. Имено со оглед на тоа дека знаењата на учениците од основните училишта се подлежни на заборавување, навистина е потребно еден средниот или квалификуван работник по свршувањето на своето стручно образование да има доволно претстави и сознанија од историјата на својот народ, на својата социјалистичка татковина.

Колку првите учебници од македонски автори навистина ќе придонесат да се отстранат споменатите празнини што досега се манифестираа како и тоа колку и како го изразуваат степенот на развитокот на македонската, југословенската па и светската историографија треба да го покажат практичарите и современата историографска критичка мисла. Во понатамошното излагање ние ќе се задржиме само на структуралниот преглед на најновите учебници и тоа од глобално информативен карактер.

## 2.

Автор на учебникот за I година за стручните училишта е Костадин Делиниколов.*)

Учебников е работен врз основа на постојната наставна програма за споменатите училишта, а изнесениот материјал е поделен на увод и четири посебни делови.

Првиот дел претставува всушност една наставна област, чиј предмет е човечката предисторија — првобитната заедница и содржи две наставни единици.

Вториот дел — периодот (епохата) на робовладетелското општество содржи четири пошироки наставни области: Стариот исток, Стара Грција, Стара Македонија и Стариот Рим. При обработувањето на секоја наставна област авторот применувал иста или слична методологија. Најпрво откако се дадени основните податоци од географски карактер, се излагаат елементите на општествено-економската основа и облиците на политичко-правната надградба, а најпосле се прави преглед на културните прилики и воопшто состојбата во културата на народите од споменатите земји во епохата на робовладетелското општество.

Епохата на феудалното општество се обработува во третиот дел на учебникот. И таа е поделена на три големи наставни области — Ран, Развиен и Доцнежен феудализам. Во секоја од нив се инкорпорирани по неколку помали наставни целини во кои се изнесуваат покарактеристичните појави и настани како од општата историја така и од историјата на југословенските народи.

Последниот, четвртиот, дел опфаќа две поголеми наставни области. Во првата се обработени следниве наставни содржини од областа на општата историја: Индустриската револуција во Англија, Војната за независност на Соединетите Американски Држави, Француската буржоаско-демократска револуција. Наполеоновите војни и за акциите на старите феудално-апсолутистички политички структури на Европа да ги конзервираат постојните феудални односи. Втората наставна област ги опфаќа наставните содржини во кои се обработуваат појавата и развитокот на национално-ослободителните движења на југословенските народи од првата половина на XIX век.

Од истиот споменат автор е работен и учебникот за II година на стручните училишта. Во него се обработува материјата од почетокот на XIX век до најновите дни, како содржини од општата историја така и од историјата на народите на Југославија со позасилено место на историјата на македонскиот народ.

Во овој учебник авторот не бил така доследен во применувањето на периодизацијата на историјата на микроплан како што бил во учебникот за I година. Инаку според содржините што се обработуваат, материјалот е поделен на целини. Најпрво се обработуваат содржини од општата историја и од историјата

---

*) Костадин Делиниколов подолго време работи како професор по историја во Економското училиште во Скопје. Напишал повеќе стручни статии од областа на методиката на историската настава. Тој е и првиот автор на авторизираните скрипти по историја за I и II година на економските училишта.

на народите на Југославија од првата половина на XIX век до Првата светска војна. Потоа се застапени две наставни области — една за „Светот меѓу двете светски војни“ а втората за „Југославија меѓу двете светски војни“ што ја сочинуваат втората целина. Третата целина ја опфаќа материјата за Втората светска војна и НОБ и Народната революција во Југославија. Четвртата, последната, целина е составена од две наставни области: „Социјалистичка Југославија од 1945—1965“ и „Настаните во светот по Втората светска војна“.

### 3.

Автори на учебникот за II клас гимназија (општествено-јазична насока) се: Р. Динев, Г. Димовски, Ј Кочанковски и Г. Танковски.*)

Презентираниот материјал во учебникот содржи 295 страни и според временскиот интервал што го опфаќа се дели на два дела.

Првиот дел го опфаќа периодот на развиениот феудализам и се состои од следниве пошироки наставни области од општата историја и од историјата на народите на Југославија: Градови и градско стопанство во Западна Европа; Крстоносни војни; Создавање на централизирани феудални монархии во Западна Европа; Западните и Источните Словени од XI—XV век; Руските земји од XI—XV век; Југословенските земји во периодот на развиениот феудализам (XII—XIV век); Борбата на југословенските народи против турското навлегување на Балканскиот Полуостров и нивното потпаѓање под утрска власт и Културата кај југословенските народи од XI—XV в.

Вториот дел го опфаќа периодот на доцнежниот феудализам (XV—XVIII) во кои се обработени следниве наставни области: Почетоци на новото време; Апсолутните монархии и првите буржоаски револуции во Европа; Науката и техниката во Европа во XVI—XVII век; Османскиот феудален систем во југословенските земји и народниот отпор од XVI—XVIII век; Југословенските народи под власта на Австрија и Венеција; Дубровничката република и културата кај југословенските земји од XVI—XVIII век.

Учебникот по историја за II клас гимназија (природно-математичка насока) е напишан од страна на д-р А. Стојановски, виш научен соработник на Институтот за национална историја и д-р Крсте Битовски и д-р Миле Тодоровски, научни соработници на Институтот за национална историја.**)

Во изготвувањето на овој учебник авторите имале доста тешкотии од објективна природа, пред сѐ поради огромниот временски ток што го обработувале (од XI век до Првата светска војна). Тоа е всушност

---

*) Р. Динев е професор по историја во Педагошката академија во Битола, Г. Димовски е професор во гимназија во Битола, а Јован Кочанковски и Г. Танковски се наставници по историја во основни училишта — Битола.

Од истите лица е напишан и учебникот по историја за VII одделение, чие прво издание излезе во 1962 година.

**) Првите двајца за првпат се појавуваат како автори на учебник по историја додека Д-р М. Тодоровски уште во почетокот на 60-тите години го издаде во соработка со М. Ќуксановски учебникот во историја за VI одд.

целата епоха на феудалната и капиталистичката општествено-економска формација.

Во структурален поглед учебникот содржи три поишроки наставни области. Првата (периодот на развиениот и доцнежниот феудализам во Европа и југословенските земји) ги содржи следните помали наставни целини: Развитокот на феудалното општество во Европа од XI—XV век; Југословенските народи во време на развиениот феудализам; Потпаѓање на југословенските земји под турска власт, Распаѓање на феудализмот и развивање на капиталистичките елементи и Југословенските земји под туѓинска власт (XV-XVIII); Втората наставна област содржи три помали наставни целиний (Европа и Северна Америка во периодот на домонополистичкиот капитализам; Националните движења кај југословенските народи и Европа од 1948 до 1870 година), а третата две (Општествените односи во Европа за време на империјализмот и Нашите народи од втората половина на XIX век до Првата светска војна). Во последната наставна целина посебно значајно место ѝ е дадено на историјата на македонскиот народ.

4.

Учебникот за III клас гимназија (општествено-јазична насока), во кој се обработува епохата на капиталистичкото општество односно периодот од победата на капиталистичките општествени односи во крајот на XVIII и почетокот на XIX век, па сè до избивањето на Првата светска војна и содржи вкупно 317 страни, го подготвиле за печат Илија Кузмановски и Димитар Мицковски.*)

Изложениот материјал во учебникот е поделен во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на домонополистичкиот капитализам и содржи 4 пошироки наставни области, а вториот две. И во двата дела историјата на македонскиот народ зазема доминантно место и е изложена во две големи наставни области — Општествено-економските, политичките и културните прилики во Македонија во првата половина на XIX век и Македонија од Кримската војна до Балканските војни.

Во учебникот по историја за III клас гимназија (природно-математичка насока) што го напишале Б. Цветковски, др. А. Апостолов и Г. Глигоров се обработени наставни содржини од Првата светска војна до најновите дни.**)

Материјалот е изложуван низ следните наставни области: Првата светска империјалистичка војна; Светските настани во периодот меѓу двете светски војни; Југославија од 1918—1941 година; Втората светска војна и Народно-ослободителната борба на југословенските народи; Светот по Втората светска војна

---

*) Илија Кузмановски работи како професор во Гимназијата „Мирче Ацев", Прилеп, а Димитар Мицковски како професор во Економското училиште, Прилеп.

**) Благоја Цветковски работи како професор по општа историја во Педагошката академија во Штип, Д-р Александар Апостолов е вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје а Георги Глигоров работи како управник на Народниот универзитет во Скопје. Тој е инаку дипломиран професор по историја и дипломиран правник.

и Изградбата на социјалистичка Југославија.

Од истите автори е подготвен и учебникот за IV клас гимназија, општествено-јазичка насока во кој е обработен истиот временски интервал но во нешто поширок обим и со поразгранета мрежа на наставни единици. Треба да се спомне и тоа дека и во двата учебника за прв пат се среќаваат и наставни содржини од борбата на македонскиот народ за национална слобода во периодот помеѓу двете светски војни, од развитокот на работничкото движење во истиот период како и за извесни значајни собитија од НОБ и НР во Македонија.

И во двата учебника после секоја методска единица се истакнувани позначајните датуми, а по секоја поширока наставна област е набележана и основната литература.

**В. К.**

**К. Делиниколов, ИСТОРИЈА за I и II клас на стручните училишта, „Просветно дело“, Скопје 1970 г.**

Појавата на учебници, составени од автори од СР Македонија и врз основа на новите наставни програми, секако, е за поздравување. Во оваа смисла е правилна и ориентацијата на издавачката куќа „Просветно дело“ што пишувањето на нивните учебници по историја им ја доверила на историчари кои делуваат во нашата средина. Зашто практиката покажа дека досегашните учебници кои беа преведени од другите наши издавачки центри, главно, не одговараа на нашиот наставен план и програм за наставата по историја, посебно што се однесува до историјата на македонскиот народ.

Го свртувам вниманието на еден учебник кој излезе од печат во изминатата година. Се работи за учебникот на К. Делиниколов, наменет за стручните училишта. Тоа се, всушност, два учебника за I и II клас во кои е опфатен целокупниот материјал по историја, предвиден според наставната програма за споменатите училишта. Така учебникот за I клас го опфаќа материјалот од првобитното општество, со уводен дел што ретко се наоѓа во учебниците за I клас — заклучно со материјалот за IX конгрес на СКЈ (1969) дури со слетувањето на американските космонаути на Месечината во II клас. Според тоа, мислам. дека учебниците одговараат на нашата наставна програма.

Дадениот материјал, некаде можеби во помал обем, но општо земено е доволен за учениците од соодветната возраст. Стилот е лесен. Секоја лекција на крајот завршува со поставени прашања и препорака. Меѓутоа, една од најголемите предности на овие учебници е што е во нив разработена и добро подредена историјата на македонскиот народ. Зашто досега кај сите учебници со кои се служевме во училиштата од втор степен, споменатата историја беше помалку или сосем недоволно обработена. Да го земеме, на пример, учебникот на М. Врбетиќ кој се сметаше за учебник кој најмногу одговара на нашите барања. Сепак, и во него македонската историја беше дадена накратко и некомплетно, додека во